Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата

Мај 2023

Бр. 07

# Антикорупциски месечник

Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата е активна мрежа на граѓански организации која промовира добро владеење, предводи иницијативи и презема чекори за застапување во насока на охрабрување на граѓаните и поттикнува политичка волја за борба против корупцијата во Република Северна Македонија.

Антикорупциски месечник е информатор на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата. Прикажани се активностите на членките во изминатиот месец.

## Состанок на Работната група за подготовка на Предлог на закон за заштита на укажувачи

Платформа на граѓански организации за борба против корупција




Претставник на Транспаренси Интернешнл-Македонија, како дел од Платформата на граѓанскио организации во борбата против корупцијата беше дел од првиот состанок на работната група за подготовка на Предлог на закон за заштита на укажувачи, кој се одржа на 10 мај 2023 во хотел Хилтон.

Цел на состанокот беше запознавање на членовите во состав на Работната група со добиените препораки и забелешки по однос на текстот и примената на постојниот Закон за заштита на укажувачи (Службен весник, бр. 196/2015, 35/2018 и 257/2020), како и да се договори начинот и динамиката на Работна на работната група.

## Извештај од мониторингот на јавните набавки (јануари-декември 2022)

Центар за граѓански комуникации




На 29. мај, 2023 година, Центарот за граѓански комуникации го објави Извештајот од редовниот мониторинг на јавните набавки спроведени од јануари до декември 2022 година, во кои се вклучени и резултатите од анкетата на фирмите за нивното искуство при учеството на постапките за јавни набавки и анализа на постапките пред Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Во извештајот меѓудругото е нотирано дека секој трет договор за јавна набавка во 2022 година е склучен во постапка во која учествувала само една фирма. Станува збор за 9.305 договори, во вкупна вредност од 26 милијарди денари (427 милиони евра). За концентрацијата на договорите за јавни набавки кај мал број на фирми говори и податокот дека договорите склучени со само 10 фирми имаат удел од 20% од вкупната вредност на јавните набавки во земјата.

Анкетирањето на фирмите открива дека 54% од нив потврдуваат дека постои договарање на фирмите при учество на тендерите. Во однос на корупцијата 46% од фирмите сметаат дека има корупција во јавните набавки, а 18% изјавуваат дека лично се соочиле со корупција на тендерите.

**Фондација за интернет и општество Метаморфозис**




## Одржана средба на работната група за подготовка на Стратегијата за транспарентност

Фондација Метаморфозис активно соработува со Кабинетот на вицепремиерката задолжена за политики за добро владеење, и во процесот на подготовка на Стратегијата за транспарентност, обезбедува експертска и финансиска помош.
Новата Стратегија за транспарентност на Владата со акциски план (2023-2026) има за цел да даде нови насоки и принципи за подобрување на транспарентноста на институциите, истовремено продолжувајќи ги позитивните практики на соработка и активна транспарентност воспоставени со претходната стратегија.

## Социјалните мрежи и медиуми – лост за ширење на авторитарни пропаганди

**СКУП Македонија**

Руската пропаганда користи различни форми на социјални медиуми и канали за ширење на својата пропаганда. Води војна во Украина, но води и хибридна војна со многу повеќе земји. Северна Македонија и Балканот се мета на оваа пропаганда.

Социјалните мрежи се најсилното оружје на руската пропаганда. Лаги, манипулации, извртувања на вистината. Тоа е рецептот со кој режимот на Путин го „бомбардира“ демократскиот свет. Со започнувањето на војната во Украина, Европската Унија ги забрани руските канали од каде се шреше руската пропаганда, како „Раша Тудеј“, „Спутник“ и останатите телевизии и медиуми. Тогаш започна да се зголемува руската пропаганда преку средствата за комуникација на социјалните мрежи.




**Институт за демократија**

## Форми на корупција во високото образование



Институт за демократија на 23 мај организираше настан „Форми на корупција во високото образование“, посветен на формите на корупција кои што се присутни во високото образование и улогата на студентите во борбата со корупција.
Заклучокот од настанот е дека корупцијата во високото образование ја има, во различни форми и се практикува на различни начини, но студентите иако во голем дел ја препознаваат, сепак не ја пријавуваат.

Настанот е организиран како дел од проектот „Поттикнување на јавната дебата за антикорупција“ кој цели кон поддржување на реформскиот процес во Северна Македонија преку зајакнување на реформската агенда во областа на владеењето на правото, а за остварувањето на оваа цел проектот предвидува соработка и консултација со сите релевантни чинители. Проектот е поддржан од Националниот фонд за демократија.

Центар за граѓански комуникации

## Обуки за јавни набавки на микро, мали и средни претпријатија



Центарот за граѓански комуникации во рамките на проектот „Заштита од корупција“ подржан од Амбасадата на Кралството Холандија во месец мај организираше четири обуки за јавни набавки за микро, мали и средни претпријатија.

На обуките кои што се одржаа во Кичево, Куманово, Тетово и Чаир беа обучени 77 претставници на микро, мали и средни претпријатија за учество на нивните фирми во постапките за јавни набавки. Целта на овие обуки е преку поголема вклученост на фирмите да се поттикнува конкуренцијата и да се намалува просторот за корупција во јавните набавки.

Транспаренси Интернешнл-Македонија

## Учество на конференцијата: Measuring Grand Corruption and Reducing Its Powers во САД




Претседателката на ТИ-Македонија Слаѓана Тасева зема учество на конференцијата: Measuring Grand Corruption and Reducing Its Powers организирана од Американската академија на уметностите и науките која се одржа во периодот од 18-ти до 20-ти мај во Кембриџ, Масачусетс.
На оваа конференција г-ѓа Тасева го претстави својот труд кој се однесува на аниткорупциските напори во Македонија. Трудот го прикажува развојот на антикорупциските политики во земјата и подготвеноста во борбата против корупцијата. Тема на трудот е и проблемот на високата корупција и потребата за нејзино надминување.

Фондација за интернет и општество Метаморфозис

## Заштита на личните податоци како човеково право




Во месец април беа спроведени две четиридневни обуки за IT кадар во јавни институции, на кои учествуваа речиси 40 учесници кои ги продлабочија своите знаења за регулативата за заштита на лични податоци и имплементација на стандарди, правила и мерки за информациска безбедност.

Беше спроведена и четиридневна онлајн обука на теми од областа на заштита на лични податоци на која учествуваа повеќе од 30 учесници – претставници на граѓански организации.
Исто така, беше објавен и текст „ Заштита на личните податоци како човеково право“ на македонски и албански јазик.

Транспаренси Интернешнл-Македонија



## Одржан регионален состанок за проектот: ЕУ4 Владеење на правото: Граѓански ангажман за јавен интегритет (ЦЕПИ) во Западен Балкан и Турција

Во периодот од 9-ти до 11-ти мај 2023 во Бар, Црна Гора беше одржан регионален состанок за проектот: ЕУ4 Владеење на правото: Граѓански ангажман за јавен интегритет (ЦЕПИ) во Западен Балкан и Турција. На овој состанок беа присутни претставници на партнерските организации од Транспаренси Интернешнл- Македонија, Транспаренси Интернешнл- БиХ, Транспаренси Интернешнл- Србија, Транспаренси Интернешнл- Турција, КДИ- Косово, МАНС- Црна Гора и Транспаренси Интернешнл- Секретаријат. На овој состанок беа дискутирани тековните активности кои се дел од проектот и нивната имплементација. Фокусот беше ставен на подготовка на Националниот систем на интегритет, кој дава оценка на интегритетот на една држава и ќе биде објавен во текот на есента 2023 година.

СКУП Македонија

## Штетни надворешни влијанија се присутни и во медиумите во Северна Македонија




Новата геополитичка реалност ги претвори медиумите, од средства за информирање, во софистицирано оружје. Иако во Република Северна Македонија ниту еден медиум не е во сопственост на правни или физички субјекти од Русија, Кина или Иран, сепак, нивните наративи се присутни во медиумската сфера. Новите медиуми, кои како платформа го користат Интернетот, се најкористени за промовирање на агендите на недемократски центри на светската политички и економска моќ

Транспаренси Интернешнл-Македонија

## Мониторинг на случајот за клиничка болница “Жан Митрев”



Транспаренси интернешнл-Македонија го следи кривичниот случај за клиничка болница „Жан Митрев“ во кој за докторот Жан Митрев и Клиничка болница Жан Митрев е поднесено обвинение за кривично дело Измама од член 247 од Кривичниот законик.
Предметниот случај го привлече вниманието поради несекојдневната природа на кривично дело и истиот го следат повеќе здруженија на граѓани и организации, како што се„Коалиција сите за правично судење“, OSCE-мисијата во Скопје и други.

WWW.ANTIKORUPCIJA.MK

ПЛАТФОРМА
на граѓански организации
за борба против корупцијата

## Обуки за претставници на стручната служба на Собранието и за подмладоците на политичките партии

Институт за демократија



Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје на 25 и 26 мај одржа обуки за претставници на стручната служба на Собранието и за подмладоците на политичките партии. Целта на обуките беше зајакнување на капацитетите за борбата против корупција преку обработка на неколку теми, меѓу кои вовед во борбата против корупција, нивоа на анализа на корупцијата, информирање на пратениците, алатки за сумирање извештаи од институциите и пишување и застапување кај носители на одлуки.

Обуките се организирани како дел од проектот „Поттикнување на јавната дебата за антикорупција“ поддржан од Националниот фонд за демократија. Проектот цели кон поддржување на реформскиот процес во Северна Македонија преку зајакнување на реформската агенда во областа на владеењето на правото, а за остварувањето на оваа цел проектот предвидува соработка и консултација со сите релевантни чинители..

# Платформата во медиумите

**Транспаренси Интернешнл-Македонија**





**Интервју на Претседателката на ТИ-Македонија, г-ѓа Слаѓана Тасева за Институтот за комуникациски студии**

Кратењето на дискреционите права на функционерите остана само ветување „Постојано се прават анализи кои се и каде се точките за дискрециони овластувања кои што претставуваат ризик од корупција. Затоа што и тогаш и денеска, за дискрециони овластувања збориме само од аспект на можност на злоупотреба. Ако на некого му е дадено едно право со закон, дали тоа може да биде злоупотребено , не случајно ни стана тоа тема, затоа што се дојде до сознание дека се злоупотребуваат таквите права и таквите овластувања заради остварување на некои интереси и цели – кои што можат да бидат поврзани со интересни групи, со бизнис или со политика.

Во делот на вработувањата анализата ја правевме во соработка и за потребите на Антикорупциската комисија и таму се оцени дека има премногу дискрециони овластувања, посебно во делот на склучување на договори, в.д. позиции, в.д. функции кои со години остануваат како вд извршители, начинот на кој се одлучува кои кандидатите ќе бидат вработени", вели Тасева.

# Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата

Асоцијација за демократски иницијативи - АДИ

ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии

Институт за демократија Социетас Цивилис Скопје

Институт за човекови права

Здружение Конект Скопје

Коалиција Сите за правично судење

Македонски центар за меѓународна соработка

Фондација за интернет и општество Метаморфозис

Граѓанската асоцијација МОСТ

Институт за економски стратегии и меѓународни одоси - Охрид. (Институт Охрид)

Транспаренси Интернешнл- Македонија

Транспарентност Македонија

Фондација отворено општество Македонија

Форум-Центар за стратешки истражувања и документација

Хелсиншки комитет за човекови права

Центар за граѓански комуникации

Центар за истражување и креирање политики

SCOOP – Центар за истражувачко новинарство